Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 14, а во врска со член 30 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 8 февруари 2024 година донесе

**ПРАВИЛА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛА ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ПРИРОДЕН ГАС**

**Член 1**

Во Правилата за снабдување со природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.51/19), во членот 4, ставот (1) се менува и гласи:

1) Договор за снабдување со природен гас (во понатамошниот текст: договор за снабдување) е договор склучен во писмена форма, со кој снабдувачот се обврзува на потрошувачот да му ги испорача на местото на испорака договорените количини на природен гас со пропишан квалитет согласно Мрежните правила за пренос на природен гас на операторот за пренос на природен гас, а потрошувачот се обврзува на снабдувачот да му го плати презелениот природен гас според мерењата извршени од операторот на системот на кој е приклучен потрошувачот, по договорена или по цена утврдена во согласност со пропис.

**Член 2**

Прилог 1 се брише.

**Член 3**

Овие Правила влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр.01-210/1**
**8 февруари 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги**
**и услуги за управување со комунален отпад**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 14, а во врска со член 30 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Регулаторна комисија за енергетика) пристапи кон изработка на Правила за измена на Правила за снабдување со природен гас.

Со овие Правила за измена на Правила за снабдување со природен гас се врши усогласување на одредбите за квалитет на природниот гас дефинирани со Мрежните правила за пренос на природен гас.

Имајќи во предвид дека се работи за едноставно доуредување на содржината на Правилата и за техничко усогласување на текстот Регулаторната комисија за енергетика со Решение бр.02-207/1 од 7 февруари 2024 година одлучи да се одржи седница без одржување на подготвителна седница, на која ги донесе Правила за изменување на правилата за снабдување со природен гас.